

# РЕНОВИРАЊЕ НА КОНТАКТ / ПОВИКУВАЧКИ ЦЕНТАР НА УЈП СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЕВРОПСКА УНИЈА

***Проект:*** *„Реновирање и адаптација на приземјето на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје со цел да биде новиот Контакт центар / Повикувачки центар на УЈП“*

***Финансиран од:*** *Европска Унија*

***Вредност:*** *186.394,89 €*

***Времетраење:*** *Април – Октомври 2015*

***Цел:*** *Зајакнување на партнерскиот однос со даночните обврзници преку подобрување на услугите и поддршката која ја обезбедува Контакт центарот / Повикувачкиот центар на УЈП*

Управата за јавни приходи ја започна имплементацијата на Проектот „Реновирање и адаптација на приземјето на Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје со цел да биде новиот Контакт центар / Повикувачки центар на УЈП“, финансиран од Европската Унија.
Со имплементацијата на овој проект треба да се креираат услови за воспоставување на новата работна средина за Контакт центарот / Повикувачки центар на УЈП, односно модерен и поголем простор кој ќе овозможи подобрување на услугите и доброволната усогласеност на даночните обврзници за навремено исполнување на обврските, но пред сè зајакнување на партнерскиот однос на Управата за јавни приходи со даночните обврзници.
Реновираниот и адаптиран простор, каде ќе биде лоциран Контакт центарот, треба да обезбеди и услови за воведување на нов пристап на УЈП во давањето на шалтерските услуги. Посебните приемни канцеларии за консултации, новите типови на услуги и итн., треба да овозможат побрз и полесен пристап до даночните информации, како и намалување на времето и трошоците на комуникација помеѓу УЈП и обврзниците.

Ги потсетуваме обврзниците кои се администрираат од Регионална дирекција Скопје, за времетраење на градежните активности, да ги користат електронските услуги на УЈП, како и даночните канцеларии определени според тип / вид на услуга објавени на веб страницата на УЈП www.ujp.gov.mk

**Корисни информации**:
(16.04.2015) Соопштение „Поради изведување градежни работи - Привремени локации за пристап до услугите на УЈП - Регионална дирекција Скопје“ (види http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/518)

Овој проект е финансиран од Европската Унија

УЈП